Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет ИСТОРИЈА за I година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет ИСТОРИЈА се базира на целите предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно наставен предмет со 2 часа неделно односно 64 часа годишно во скратената програма. Наставниот час е со траење од 35 минути.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

Цели на наставата по историја во гимназиското образование е учениците да усвојат суштински, систематизирани, трајни и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесе за критичкото мислење и будење на историска свест, изградување на вредносен систем на однесување спрема својот народ и држава, спрема другите народи и држави кон она што претставува цивилизациско достигнување во светот, како и да го продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

Тема: Вовед во историјата 2+1=3

Темата се обработува со 2 часа нови содржини + 1 час за вежби и повторување.

Содржини

1. Историјата учителка на животот

Тема Праисторија 2+1 =3

Темата се  обработува со 2 нови содржини + 1 час за вежби и повторување.

Содржини

1. Праисторија
2. Македонија во праисторијата

Тема Стар век – стар Исток 3+2=5

Темата се  обработува со 3 нови содржини + 2 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Народите и државите во Месопотамија
2. Египетска држава
3. Феникија, Палестина и Персија
4. Животот и културните достигнувања на Стариот век

Тема Балканот во стариот век 7+5=12

Темата се  обработува со 7 нови содржини + 5 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Критско-микенски свет
2. Спарта и Атина – градови држави
3. Живот и културата на Хелада
4. Илири - територија и население,
5. Илирски држави
6. Државата на Молосите и Дарданското кралство
7. Илирско-римските војни
8. Културата кај Илирите

9. Тракијци

Тема Македонија во стариот век 6+3=9

Темата се обработува со 6 нови содржини + 3 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Македонија - територија и население
2. Македонската државадо Филип II
3. Македонската држава во времето на Филип II
4. Македонската држава во времето на Александар III Македонски
5. Животот и културата на Античките Македонци
6. Распаѓањето на државата на Александар Македонски
7. Хеленистичка култура

Тема Стар Рим 3+2=5

Темата се обработува со 3 нови содржини + 2 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Создавање и ширење на Римската држава
2. Внатрешни судири во римската држава
3. Животот и културата на Римјаните
4. Појава и ширење на христијанството

Тема Балканот и Македонија под римска власт 3+2=5

Темата се  обработува со 3 нови содржини + 2 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Потпаѓање на Македонија под римска власт
2. Илирите под римска власт
3. Животот и културата во Македонија за време на римското владеење
4. Ширење на христијанството во Македонија

Тема Ран среден век 4+3=7

Темата се  обработува со 4 нови содржини + 3 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Крај на античкиот свет - Големата преселба на народите
2. Државата на Франките
3. Појава и ширење на исламот
4. Источно Римско Царство – Византија
5. Киевска Русија
6. Животот и културата во раниот среден век

Тема Балканот во раниот среден век 2+2=4

Темата се  обработува со 2 нови содржини + 2 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Навлегување на варварските племиња од V до VII  век
2. Создавање на Дукља, Рашка и Бугарија
3. Албанија во раниот среден век  и

4. Животот и културата во Албанија во раниот среден век

Тема Македонија во раниот среден век 7+4=11

Темата се обработува со 7 нови содржини + 4 часа за вежби и повторување.

Содржини

1. Словените во Македонија
2. Словенска писменост во Македонија
3. Дејноста на св.Климент и св. Наум
4. Создавање на Македонската држава - Самуиловоцарство
5. Издигнување и ширење на Самуиловата држава
6. Слабеење и пропаѓање на Самуиловата држава
7. Охридска архиепископија и животот
8. Востанијата во Македонија во XI век
9. Животот и културата во Македонија во раниот среден век

**Од приложените 50 наставни содржини, професорите во своето годишно и тематско планирање задолжително треба да реализираат 38 содржини**

3. **Дидактички препораки**

Наставникот може да ги применува сите верифицирани методи и техники на учење во согласност со дефинираните цели. Се препорачува засилување на проблемско-творечкиот методски систем, аналитичко-интерпретативниот и корелациско-интегративниот. Наставникот треба да иницира самостојна активност на учениците, да ги води кон смисловно рецептивно и смисловно активно учење и да го корегира механичко-рецептивното механичко активното учење.

При реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет **ИСТОРИЈА задолжителен за I година,** појдовна основа е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности и методи). Потребно е интегрирано планирање односно целно и содржинско поврзување како и планирање на наставата со поврзување наученото со искуството на

учениците. За реализација на наставниот предмет, треба да се применуваат интерактивни форми и методи (техники на учење и активност). Од интерактивните методи ќе се употребуваат: работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи,анализа на текст и документи, анализа на случај, но и традиционални методи: куси предавања, насочен разговор.Препораките за користење на скратениот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните целиитеми/содржини што не треба да го ограничува нивното прераспоредување според потребите при реализацијата.

Ученикот треба да биде поттикнат на континуирано активно следење на наставата, усвојување на нови содржини, критичко учење и размислување, усвојување на определени знаења, умеења и способности темелни за неговиот идеен живот.

При распределбата на часовите дозволена е креативност и еластичност на наставникот во реализацијата на целите.

Проверувањето на знаењата на учениците треба да се врши во сите фази на наставниот процес, при реализација на нова содржина, повторување, проверување, систематизирање, вежбање и истражување. Проверувањето се врши преку различни техники за работа со историски текстови, илустративен материјал, самостојна анализа на историските текстови и илустрации, толкување на историски документи и вреднување на различни интерпретации. При следењето и оценувањето се применуваат различни постапки (усно и писмено проверување, тестови на знаења, изработка на семинарски трудови, реферати, активности на ученикот во текот на часот).

Наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со редовната наставна програма.

**Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наствна програма по наставниот предмет ИСТОРИЈА за I година средно гимназиско образование за учебната 2020/2021 година ја утврди

Бр. 12-8424/101
16.09.2020

**Министер за образование и наука**
**Мила Царовска**